Телефон: +38946511000
Телефакс: +38946511567
www.uist.edu.mk

Партизанска бб
6000 Охрид
Република Македонија

Врз основа на член 97 став 3 од Законот за високото образование, член 128 од Статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид и Одлуката на Сенатот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид, бр. 02-171/15 од 19.03.2021 година, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид, објавува

**ЈАВЕН ОГЛАС**
**за избор на ректор**

Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид отпочна постапка за избор на ректор на слободни непосредни и тајни избори од страна на членовите на наставно-научните совети на единиците, за време од три години, односно за период од 04.05.2021 година до 03.05.2024 година.

Услови за избор на ректор:

- Да биде државјанин на Република С. Македонија;
- Да биде редовен професор;
- Да има познавање на англиски јазик, ниво Ц1.

Предност ќе имаат кандидатите кои ќе достават потврда за искуство во раководење на високообразовни институции во земјава/странство и остварен постдокторски престој/ истражувања на високорангирани универзитети и институти.

Кандидатите за ректор кон Пријавата задолжително доставуваат:

- Биографија со библиографија;
- Програма за работа и развој на Универзитетот за мандатниот период;
- Одлука за избор во редовен професор;
- Уверение за државјанство;
- Сертификат за познавање англиски јазик од најмалку ниво Ц1 според Европската јазична рамка на Советот на Европа, или соодветен сертификат за истото ниво издаден од официјален европски тестатор, член на здружението АЛТЕ на европски тестатори или потврда за стекнат трет циклус студии на вискообразовна установа на која наставата во целост се изведувала на англиски јазик.

Кандидатите за ректор треба да ги достават потребните документи **во рок од 8 (осум) дена** по денот на објавувањето на Јавниот оглас во печатените дневни весници „Нова Македонија“ и „Лајм“ и на веб страната на Универзитетот.
Документацијата се поднесува во оригинал или заверена копија, по пошта или со предавање во архивата на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид, на адреса: ул. Партизанска, бб, Дом на АРМ, Охрид, секој работен ден од 8:00 до 16:00 часот, **до Универзитетската изборна комисија со назнака: „За јавниот оглас за избор на ректор“.**

Лице за контакт: м-р Михаела Јовановска, тел. 076 434 170.

Изборот ќе се изврши во согласност со одредбите од Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид.

Универзитет за информатички науки и технологии
„Св. Апостол Павле“ Охрид